3.2. Непридружувани малолетници во нерегуларен транзит ........ 37

3.3. Пријавени инциденти од жртви/сведоци во нерегуларна миграција ........ 38

Заклучок ........ 40

Библиографија ........ 41

# Преглед

## на Годишен извештај за нерегуларна миграција на северната граница на Македонија

## – липковски регион, јули 2017 – мај 2018

Годишниот извештај за нерегуларна миграција на северната граница на Македонија – липковски регион, јули 2017 – мај 2018 е дел од проектот „Хуманитарна и правна помош на бегалци и мигранти во нерегуларен транзит", спроведен од Легис. Методологијата користена во овој период е интегрален дел од методологијата за целиот проект: квалитативен метод и квантитативен метод, со бројни активности посебно направени за терен. Спроведена од искусни истражувачи на Легис, со оваа методологија се стекнува длабок аналитички преглед и бројни релевантни податоци, вредни за заедницата одговорна за миграциската политика.

Вредноста на овој текст произлегува од тоа што објективно ја претставува теренската ситуација, како на пример, ризиците со кои нерегуларните мигранти се соочуваат, административните пречки при нерегуларното преминување на границата, насилството на кое мигрантите се изложени, нивната ранливост и можноста да бидат привлечени од криумчари, потоа правото на пристап кон правото на азил, кое иако е универзално човеково право, на нив им е селективно достапно. Повеќето од аспектите во Годишниот извештај за нерегуларна миграција на северната граница на Македонија може да се сретнат во извештајот на Омбудсманот, додека други надлежни институции, примарно полицијата, се обидуваат да ги релативизираат истите.

Извештајот, заедно со статистичките податоци, дава преглед на ситуацијата, рани предупредувања, ризици, проблеми и предизвици со кои мигрантите се соочуваат при нивниот транзит низ Република Македонија.

Помошта обезбедена од Легис вклучува дистрибуција на основни (не)прехранбени продукти, медицински упатувања, информации за правата и азил во Македонија и упатувања кон постојните служби, како и мониторинг на броеви, текови и злоупотреби на човековите права на кои лицата во нерегуларна миграција биле изложени во текот на нивното патување.

Тимовите на Легис активно ја следат ситуацијата со нерегуларна миграција и обезбедуваат помош и упатувања на лица  кои се наоѓаат во нерегуларни канали на транзит во северниот регион уште од мигрантската криза (2016).

Статистичките податоци поврзани со анализираниот период (12 месеци) помагаат во профилирање на мигрантите според пол, возраст и категорија на ранливост. Тие го прават поверојатно и попредвидливо следењето на ситуацијата со нерегуларните мигранти и планирањето на превентивни безбедносни активности во локалната заедница и пошироко, овозможувањето на подобра медицинска нега и подобри услуги.

Највисокиот процент на население до кое тимовите на Легис допреле во Липково во периодот од мај 2017  до април 2018 е од Пакистан, односно 41% (385 лица), потоа следува Авганистан со 26% (249 лица), Иран 7% (66 лица) и Алжир 7% (61 лице). Сиријците кои биле сретнати во Липково при нерегуларна миграција претставуваат 4% (42 лица). Овие статистики ја коригираа јавната перцепција дека повеќето мигранти кои транзитираат низ Македонија се од Сирија.

Друг интересен аспект во поглед на прекршувањата на човековите права документиран од теренските тимови на Легис е дека повеќето од прекршувањата се поврзани со нелегални враќања од српските

власти кон Македонија и потоа нелегални депортации или враќања од локалните власти додатно кон Грција. Овој проблем е забележан од невладините организации со затворањето на границите во 2016 и продолжува до ден денес. Каузалитетот на прекршувањата на човековите права поради овие практики може да биде поврзан со:
- Недостаток од регистрирање и документирање на мигранти во нерегуларен транзит
- Нелегални враќања и депортации од граничните власти на рутата помеѓу Грција-Македонија-Србија
- Недостаток од заштита на непридружувани малолетници во нерегуларна миграција
- Зголемено насилство кон бегалците и мигрантите и недостаток од извештаи за прекршување на човековите права за властите и мерки за заштита од организирани криминални групи и криумчари.

Документот на Легис покажува дека во текот на периодот на известување, севкупно на 281 лице не им бил дозволен пристап кон територијата (биле вратени) од Србија кон Македонија додека нелегално се обидувале да ја преминат границата (зелената граница) или биле нелегално депортирани од Србија кон Македонија без да се запази легалната процедура на депортација, во близина на селата Лојане, Табановце и Сопот.

Годишниот извештај за нерегуларна миграција на северната граница на Македонија истакнува нов момент во поглед на нерегуларната миграција (страна 15): "некои од луѓето кои биле депортирани од Србија кон Македонија, не ја користеле Македонија како транзит земја кон Србија, туку влегле во Србија преку рутата низ Бугарија или преку други рути на транзит."

Важното сознание од извештајот е дека Македонија останува транзит земја за нерегуларна миграција. Сепак, граничните власти од Грција, Македонија и Србија развија нелегални практики на враќање и депортација, зголемувајќи ги потенцијалните ризици за прекршување на човековите права, покрај организираните криминални групи кои функционираат на северната граница на државата.

Цифрите претставени од Легис покажуваат дека нерегуларната миграција во споменатиот период е присутна со осцилации, но во пролетните месеци во 2018 тенденцијата бечежи раст. Според статистичките податоци, оваа траекторија треба претпазливо да се следи во иднина и да биде анализирана како дел од глобалната рамка на миграција на Балканската рута и пошироко.

Истражувањето направено од Легис ги потврдува наодите од други невладини организации (Хелсиншки комитет, јануари 2018), според кои пристапот кон територија го спречува спроведувањето на човековите права на бегалците и заштитата. Недостатокот од соодветно регистрирање и документирање на нерегуларните мигранти и бегалси резултира со одбивање пристап кон изразување намера за правото кон меѓународна заштита. Овие укажуваат дека нерегуларните миранти и бегалци се оставени степен поблиску до криминални групи и криумчари.

Ова истражување истакнува дека има насилство и потенцијални случаи на тортура во северниот реион (забележани во интервјуата на мигранти). Годишните извештаи на Омбудсманот за 2016 и 2017 го потврдуваат постоењето на такви негативни поместувања во земјата.

Годишниот извештај го потврдува присуството и чувствителноста на ранливи групи, претежно непридружувани малолетници при нивното патување кон земјата која им е дестинација. За жал, извештајот потврдува дека непридружуваните малолетници се почесто предмет на криминално насилство и застрашување отколку што е документирано во официјалните статистики.

Резиме: Годишниот извештај за нерегуларна миграција на северната граница на Македонија – липковски регион, јули 2017 – мај 2018, направен од Легис, е вреден текст заснован врз научната методологија, релевантен за понатамошна употреба и истражување.

Скопје, 7 мај, 2018 Професор Трпе Стојановски

## Акроними:

**ИОМ –** Меѓународна организација за миграци

**МВР –** Министерство за внатрешни работи

**МХК –** Македонски хелсиншки комитет

**MSF –** Доктори без граници

**МЗМП –** Македонско здружение на млади правници

**OHCHR –** Канцеларијата на Високиот комесаријат на Обединетите нации за човекови права

**OSIFE –** Иницијатива „Отворено општество" за Европа

**ТЦ –** транзитен центар

**НМ –** непридружувани малолетници

**UNHCR –** Висок комесаријат за бегалци на ОН

## Вовед

Во јули 2017 Легис започна да го применува проектот „Хуманитарна и правна помош за бегалци и мигранти во нерегуларен транзит" поддржан од Иницијатива „Отворено општество за Европа" (на анг. Open Society Initiative for Europe). Имајќи ја предвид хуманитарната позадина на организацијата, во рамките на проектот обезбедувавме директна хуманитарна и правна помош на бегалци и мигранти што поминуваа или пак беа нелегално вратени во липковскиот регион односно северната граница на Македонија. Финансиската поддршка беше наменета за одржување на локалната канцеларија во с. Лојане каде тимот изработува и одржува дата база за нерегуларна миграција, врши мониторинг и документира повреди на човекови права, и упатува здравствени и правни случаи до меѓународни и локални организации во липковскиот регион.

Како резултат на 12-месечното собирање податоци и анализа на истите, изготвивме Извештај за нерегуларна миграција, кој е достапен на општата јавност и дава пристап до анализирани статистички податоци на луѓе во движење. Податоците ги собираа два теренски работници и мобилен тим коишто ја покриваа липковскиот регион на дневно ниво во две работни смени од 8 часа при што одговараа на потребите на луѓе во движење преку ден и навечер и поднесуваа дневни извештаи до теренскиот координатор, кој течно говори арапски. Тимот на Легис во овој регион успеа да дојде во контакт со и да помогне на 943 лица во нерегуларен транзит во периодот од почетокот на мај 2017 до крајот на април 2018 , со што беа изготвени 365 дневни извештаи и 28 објавени неделни извештаи за нерегуларна миграција под надзор на вработени од Легис со знаење и искуство од правните и политички науки.

Извештаите се достапни на веб страната на Легис, со тоа што годишниот извештај претставува резиме на госпоменатите извештаи од работата на мобилниот и теренски тим на Легис во липковскиот регион.

## Методологија

Истражувачкиот тим се состои од правници и политиколози, два теренски работници, и еден мобилен тим за следење нерегуларна миграција и бележење повреди на човекови права и кога беше возможно стапуваа во контакт со потенцијални жртви, и обезбедуваа здравствена и правна заштита преку упатување поединечни случаи до државни институции, независни механизми за човекови права, локални и меѓународни државни и невладини организации.

Квалитативен метод: Овој метод се состои од собирање податоци и анализа на постоечкото истражување, легислатива, меѓународни и национални извештаи од релевантни меѓународни и национални институции од областа на барање азил, привремена заштита, нерегуларна миграција и права на странци.

Квантитативен метод: Посебно изработени теренски прашалници и дата база на мониторинг и евалуација коишто се пополнуваат на дневно ниво, додека неделните извештаи се објавуваа како резиме на секоја недела на официјалната веб страна на Легис. Прашалниците беа изработени според моменталните воспоставени практики и теренското искуство во поглед на заштита на лица на територија на Република Македонија, со фокус на лица во нерегуларен транзит коишто тимот на Легис ги среќаваше во липковскиот регион. Прашалниците содржат основни информации дадени од лице во транзит или пак информации што тимот ги забележал, како на пример: возраст, пол, доколку е возможно: етничка припадност, дали лицето е депортирано или нелегално вратено, ако да, колку пати, итн, институционален пристап до право на азил и привремена заштита, повреди на човекови права како резултат на физичко и психичко насилство и/или тортура извршена од службеници, организирани криминални групи, сексуално и родово базирано насилство, итн.

# 1. Контекст

Со затворањето на хуманитарниот транзитен коридор и забраната за транзит на бегалци и мигранти од Средниот Исток и југоисточна Азија низ балканските земји кон западна Европа во март 2016, до јуни истата година веќе беше забележан пораст на нерегуларната миграција. Според извештаи од локални и меѓународни организации ова доведе до намалување на број на лица што користат регуларни средства за транзит, како и изложеност на истите на безбедносни и хуманитарни ризици како криумчари, трговија со луѓе, локални криминални банди, полициско насилство. [2] Користењето канали за нерегуларен транзит овозможени од локални и транснационални криминални групи што организираат пат и засолниште за мешаните миграциски движења повторно ги активираше ризиците и предизвиците од нерегуларниот транзит, што до некаде и беа намалени во текот на т.н. „фаза на безбеден транзит". [3] Рутите се проширија, со тоа што се забележаа движења од Турција до речиси сите југоисточни европски земји, вклучувајќи ги и Грција, Бугарија, Македонија, Албанија, Црна Гора, Косово, Србија и северно кон Унгарија, Романија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, кон Австрија и западна Европа. [4]

Во Македонија овие движења тешко е да се забележат па дури и да се дојде до нив. Од изјавите земени од лица што беа забележани и помогнати од страна на тимот на Легис, преку-граничните и внатрешните движења се одвиваат на тешко пристапни терени и со криење. Многумина одат пеш или пак одат во преполни возила што ги користат криумчарите.

Македонските власти систематски одбија регистрација и слободно движење, а транзитните центри на северната и јужната граница не следат јасна и конзистентна политика за регистрација на новопристигнати лица. [5]

Јужниот транзитен центар Винојуг, Гевгелија најчесто го користат лица што се враќаат во Грција што повторно ја користат зелената граница (неофицијален премин) и генерално без никаква официјална процедура, додека транзитниот центар на северната граница служи како место за

---

[1] Периодот на анализирање податоци е од 01.05.2017 – 25.04.2018.

[2] ИОМ **Пристигнувања на Медитеранот 2014-2016:** https://www.iom.int/news/mediterranean-migrant-arrivals-2016-160547-deaths-488; ИОМ: Миграциски движења кон Европа - 2017 Квартален преглед – март http://migration.iom.int/docs/Q1_2017_statistical_Overview.pdf
Годишен извештај за човековите права во Република Македонија, Народен правобранител, 2016 http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf pg.. 12. and pg.. 44-50;

[3] „Безбеден транзит" – се однесува на пристапот на отворени граници во 2015/16 на земјите од медитеранската и балканската рута

[4] Ibid.1

[5] Годишен извештај за човековите права во Република Македонија, Народен правобранител, 2016. http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf pg.. 12. andpg.. 44-50;; Годишен извештај, Легис, 2015. http://legis.mk/uploads/LEGIS_Annual-Report_2015.pdf

одмор во движењата во двата правци, и само кога властите им дозволуваат на лицата да влезат и да останат. Не се врши официјална регистрација, ниту пак лицата добиваат некаков вид документи за престојот во Македонија што понатаму би можеле да го искористат. Пристапот до азил некогаш се дозволува, но сепак не толку редовно. [6] Пристапот до азил зависи од локацијата на лицето, а бегалците во нерегуларен транзит се охрабруваат да одат во Центарот за азил во Визбегово, за да пополнат барање. Овој процес е секако отежнат поради нивниот нерегуларен статус и неможноста да користат јавен превоз, како и недостатокот на некоја компанија за превоз што би го олеснила движењето помеѓу Центарот за азил и локацијата кајшто се наоѓа лицето што сака да побара азил. Понекогаш има официјален превоз од камповите, но поради процедурата или од други причини, се чека многу. За обратните движења, од север кон југ, бегалците/мигрантите неофицијално се охрабруваат да користат јавен превоз (автобус) кој би ги пренел до Гевгелија, од каде што би продолжиле за Грција. [7]

Продолжениот недоброволен престој на бегалците/мигрантите на одредени места во Србија и неможноста да продолжат напред кон западна Европа резултира и со доброволни и недоброволни враќања во Македонија. Депортациите организирани од српските власти без да следат каква било правна процедура продолжија и во 2017, како и практиката на нелегално враќање на лица што се обидуваат да ја преминат во Србија. Полициското насилство исто така продолжи да се користи како метод за одвраќање на нерегуларните движења. [8]

Во 2017 и 2018, Легис продолжи да обезбедува помош и да врши упатувања на лица во нерегуларен транзит преку нашата канцеларија во с. Лојане во општина Липково, и на тој начин служи како главно засолниште за овие лица. Легис, исто така ги активираше и мобилните тимови да надгледуваат други места во липковскиот регион, како на пример с. Ваксинце, и с. Сопот во општина Куманово. Помошта што тимот ја обезбедуваше се состои од основни прехранбени производи, облека и обувки, упатување за правна и медицинска помош до други организации, информации за права и азил во Македонија, како и мониторинг на броеви, движење, повреди на човекови права на коишто лицата во транзит биле изложени додека патувале. [9]

---

[6] Документ за јавна политика за пристап до човекови права и заштита на бегалци и мигранти, 2017, Легис http://legis.mk/uploads/Legis_Istrazuvanje_Finalna%20verzija%20EN%20-%20Copy%201.pdf

[7] Ibid 1 & 4

[8] Управување со балканската рута: Македонија, Србија и европскиот граничен режим: http://bordermonitoring.eu/berichte/2017-mazedonien-serbien/

[9] Во 2017/18, Легис продолжи да соработува со Канцеларијата на Народниот правобранител на РМ и со Националниот превентивен механизам, преку споделување информации и истражувања. Останати партнери со коишто Легис соработуваше во 2017 се УНХЦР, МЗМП, Црвен крст, СОС Детско село, МСФ, и други.

## 2. Нерегуларна миграција во липковскиот регион

Тимовите на Легис активно ја следат состојбата со нерегуларната миграција и обезбедуваат помош и вршат упатување на лица што користат канали за нерегуларен транзит во липковскиот регион уште од 2016. Канцеларијата за хуманитарна помош отвори во август 2016 и тимот ги прошири активностите од административна и хуманитарна работа, до правна помош и вклучување на мобилен тим којшто го покрива цел липковски регион т.е. македонската северна граница што лицата ја користат на нерегуларно преминување и место каjшто се вршат нерегуларни враќања од/кон Србија. Од дата базата што Легис ја води за лица во нерегуларна миграција од август 2016 па сѐ до април 2018 се забележува намалување на нерегуларни движења. Мониторингот од дваесет и еден месец покажува дека највисоката бројка на лица во нерегуларен транзит на коишто тимовите на Легис успеале да обзезбедат помош била во ноември 2016, односно 773 лица во нерегуларен транзит. Месечниот просечен број на лица којшто добиле помош во липковскиот регион во 2016 изнесува 606, додека во 2017 и 2018 бројот е намален на 134, односно 96 лица месечно во просек. Овој пад се должи на повеќе фактори како насилните политики на одвраќање од страна на македонските, српските, хрватските, унгарските власти, како и проширувањето на рутата поради политиката на затворени граници која стапи на сила во март 2016. Од август 2016, тимот на Легис стапил во контакт и/или помогнал 5012 лица во нерегуларен транзит во липковскиот регион.

Број на лица во нерегуларен транзит што добиле помош од Легис во липковски регион, август 2016 – април 2018



## 2.1. Статистички податоци за лица во нерегуларна миграција што добиле помош во липковскиот регион во Македонија (северна граница)

Теренските тимови на Легис во липковскиот регион успеаја да стапат во контакт со и да поделат помош на вкупно 943 лица во нерегуларен транзит во периодот од мај 2017 до април 2018. Највисокиот број на лица во нерегуларен транзит достигнат во овој регион беше во март 2018 кога 138 лица добија помош, додека најнискиот број е во јуни 2017 кога само 9 лица добија помош од нашиот тим. Променливоста на бројките на лица што добиле помош се забележува во текот на периодот на известување, со пораст од 91% од јануари до март 2018, додека во април е забележан пад од 45% во април 2018 во споредба со март 2018.

Од вкупниот број лица, 76 (63 мажи, и жена и 12 деца) беа сретнати од тимот на Легис или ја посетиле канцеларијата во с. Лојане повеќе пати во текот на периодот на известување. Легис ги бележи секојдневно овие периодични посети на едни исти лица.




Број на лица во нерегуларен транзит што добиле помош од Легис во липковски регион, мај 2017 – април 2018

### 2.1.1. Возраст и пол на лица во нерегуларен транзит

Во периодот од мај 2017 до април 2018, највисокиот број лица во липковскиот регион биле мажи на возраст од 18-59 години што претставува 80% или 750 лица од вкупниот број. Од вкупниот број лица што добиле помош 8 % биле жени на возраст од 18-59 години или 76 лица, додека 9% т.е. 87 биле деца. Од тие 87, 2 биле на возраст од 0-4 години, 39 деца на возраст од 5-12, и 46 деца на возраст од 13-18 години.




Графикон: Возраст и пол на лица во нерегуларен транзит во липковски регион, мај 2017 – април 2018

| AGE AND SEX BREAKDOWN OF REFUGEE/MIGRANT POPULATION IN TRANSIT REACHED IN LIPKOVO (May 2017 – April 2018) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Men | Women | Children (0-12yrs) | Children (13-18) | Total Children | Total profiled |
| **750** | **76** | 41 | 46 | **87** | 913 |

Возраст и пол на лица во нерегуларен транзит во липковски регион, мај 2017 – април 2018

Од вкупниот број на деца коишто тимот на Легис ги сретнал, 15 биле непридружувани. [10]

[10] Периодичен извештај за нерегуларна миграција, август 2016 – јануари 2017 http://legis.mk/uploads/6%20MONTHS%20REPORT%20on%20IRREGULAR%20MIGRATION%20OUTREACH%20in%20MACEDONIA%20Legis.pdf

| Месец | Мажи | Жени | Деца | Непознато |
|---|---|---|---|---|
| мај 2017 | 81 | 0 | 12 | 0 |
| јуни 2017 | 9 | 0 | 0 | 0 |
| јули 2017 | 32 | 0 | 13 | 0 |
| август 2017 | 72 | 0 | 0 | 0 |
| септември 2017 | 53 | 1 | 2 | 0 |
| октомври 2017 | 57 | 9 | 8 | 0 |
| ноември 2017 | 87 | 12 | 5 | 0 |
| декември 2017 | 80 | 14 | 13 | 0 |
| јануари 2018 | 42 | 0 | 0 | 30 |
| февруари 2018 | 77 | 10 | 10 | 0 |
| март 2018 | 91 | 25 | 22 | 0 |
| април 2018 | 69 | 5 | 2 | 0 |

Од вкупниот број лица што добиле помош, 3% (30 лица) се обележани како „непознатоѐ поради неможноста да се стапи во контакт со нив и/или да се одреди нивната возраст.

## 2.1.2. Земја на потекло на лицата во нерегуларен транзит

Највисокиот процент на лица во периодот од мај 2017 до април 2018 е од Пакистан т.е. 41% (385 лица), потоа следи Авганистан со 26% (249 лица), Иран со 7% (66 лица) и Алжир со 7% (61 лица). Лицата по потекло од Сирија сретнати во липковскиот регион претставуваат 4% (42 лица).




Графикон: земја на потекло на лица во нерегуларен транзит во липковски регион, мај 2017 – април 2018

Од вкупниот број лица во нерегуларен транзит, 5% (46 лица) изјавиле дека се од следниве земји на потекло: Либија (12 лица), Ирак (9 лица), Мароко (7 лица), Индија (7 лица), Турција (4 лица), Палестина (Западен брег и Газа – 2 лица), Западна Сахара (2 лица) и Египет (2 лица). Вкупно 10% (94 лица) се забележани како „непознато" поради неможноста да се стапи во контакт со нив и/или да се одреди нивната земја на потекло.

**Земја на потекло на лица во нерегуларен транзит во липковскиот регион (мај 2017 – април 2018)**

| | Сирија | Авганистан | Ирак | Пакистан | Палестина | Алжир | Мароко | Либија | Индија | Западна Сахара | Египет | Турција | Иран |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| мај 2017 | 0 | 9 | 0 | 54 | 2 | 12 | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| јуни 2017 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| јули 2017 | 0 | 12 | 0 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| август 2017 | 0 | 0 | 0 | 48 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| септември 2017 | 3 | 0 | 0 | 42 | 0 | 9 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| октомври 2017 | 0 | 24 | 0 | 37 | 0 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 4 |
| ноември 2017 | 27 | 48 | 0 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| декември 2017 | 5 | 52 | 2 | 32 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| јануари 2018 | 5 | 21 | 5 | 5 | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| февруари 2018 | 0 | 31 | 0 | 50 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4 | 9 |
| март 2018 | 0 | 35 | 2 | 24 | 0 | 6 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| април 2018 | 2 | 17 | 0 | 40 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| **Вкупно** | **42** | **249** | **9** | **385** | **2** | **61** | **8** | **12** | **7** | **2** | **2** | **4** | **66** |

## 3. Идентификувани повреди на човекови права во липковскиот регион кај лица во нерегуларен транзит

Следното поглавје содржи регистрирани и документиран случаи на повреди на човекови права. Повеќето повреди се поврзани со нелегални враќања од страна на српски полициски службеници кон Македонија и потоа нелегални депортации или враќања од страна на локалните власти кон Грција. Овие практики започнаа со затворањето на границите во 2016 и с" уште постојат. Затоа причината за овие повреди на човекови права поради овие практики е:

- недостаток од регистрирање и документирање лица во нерегуларен транзит
- нелегални враќања и депортации извршени од гранична полиција долж рутата помеѓу Грција-Македонија-Србија
- недостаток од пристап до и заштита на непридружувани малолетници во нерегуларна миграција
- зголемено насилство кон бегалци/мигранти и недостаток од извештаи за повреди на човекови права до властите и мерки за заштита од организирани криминални групи т.е. криумчари.

## 3.1. Нелегални враќања и депортации  од мај 2017 – април 2018

Во текот на периодот на известување, на вкупно 281 лице му било забранет пристап до територија (нелегално враќање) од Србија во Македонија при обид за преминување на границата на неофицијален премин (зелена граница) или биле депортирани од Србија кон Македонија во селата Лојане, Табановце или Сопот без да се следи правната процедура за депортација.




Графикони: нелегални враќања, нелегални депортации и доброволно враќање назад кон Грција регистрирани во липковскиот регион, мај 2017 – април 2018



Од вкупнот број лица во нерегуларен транзит, 151 лице, од кои 120 мажи, 12 жени, 19 деца биле нелегално вратени, додека 130 лица, од кои 103 мажи, 6 жени и 21 дете биле депортирани од Србија во Македонија без да се следат правните процедури за вршење депортација. Местата кајшто се извршени нелегалните враќања и депортациите се наоѓаат долж македоснко-српската граница, најчесто близу селата Лојане, Табановце и Сопот. Некои од лицата биле депортирани од Србија во Македонија, иако не влегле во Србија преку Македонија како земја на транзит кон Србија, туку влегле во Србија преку Бугарија или оделе по други рути.

Највисокиот број на нелегални враќања беше регистриран во март 2018 со 54 нелегално вратени лица, додека највисокиот број на нелегални депортации од Србија беше регистриран во мај 2017, со 35 лица кои изјавија дека биле нелегално депортирани од страна на српските власти.

Од вкупниот број лица сретнати во нерегуларен транзит од мај 2017 до април 2018, вкупно 96 лица (63 мажи, 23 жени, 10 деца) самоволно се вратиле назад, од Србија до Македонија со намера да продолжат во Грција.




Графикон: нелегални враќања, нелегални депортации и доброволно враќање кон Грција во липковскиот регион - возраст и пол

Legis

## 3.2. Непридружувани малолетници во нерегуларен транзит

Во периодот од мај 2017 до април 2018, тимот на Легис регистрираше 15 непридружувани малолетници во нерегуларен транзит во липковкскиот регион. Малолетниците беа идентификувани како такви откако потврдија дека патуваат сами и дека имаат под 18 години. Во многу случаи теренските тимови се сомневаа дека некои од децата што ги сретнуваа се непридружувани малолетници, но бидејќи немаше начин да се потврди овој сомнеж, таквите случаи не се земени предвид. Голем број од децата биле придружувани од возрасни лица со кои не се во роднинска врска. При идентификување, непридружуваните малолетници биле упатени до заштитните механизи за непридружувани деца во Македонија. Сите деца ја одбија оваа помош.

**Подолу следат детали кога тимот на Легис среќавал непридружувани малолетници:**

- На 1 мај 2017, теренскиот тим на Легис сретнал непридружувано 17-годишно момче од Пакистан. Непридружуваното малолетно лице било депортирано од српските власти откако поминало повеќе од 1 месец во„џунглата" во Прешево. Не било регистрирано како барател на азил во Србија. Во Македонија, тој исто така имал поминато 6 дена во „џунглата" во Липково на денот на средбата.

- На 3 мај 2017, теренскиот тим на Легис сретнал 16-годишно момче од Мароко кое патувало со група пријатели, непридружувано од возрасен роднина или старател. Тој бил регистриран во кампот Софтекс во близина на Солун, Грција, каде што останал 4 месеци. Патувал пеш од Грција до Липково и известил дека бил ограбен во Скопје, каде група од тројца индивидуи го нападнале и му ги земале парите и телефонот. На денот на средбата, тој имал поминато 1 недела во Македонија во „џунглата". Сака да оди во Канада. Планира да оди во Косово за да најде начин да стигне до Италија. Тимот на Легис го сретна и му помогна на момчето два пати во период од една недела во Липково.

- На 4 мај 2017, непридружувано 17-годишно момче од Пакистан кое тимот на Легис го сретна во Липково рече дека било вратено од Србија од српските власти кога нерегуларно се обидувало да ја помине српската граница.

- На 5 мај 2017, тимот на Легис сретна непридружувано момче од Пакистан, кое останало во„џунглата" во Липково. Пред Македонија, тој останал во Србија 5 и пол месеци: 4 месеци во Суботица и 1 и пол месец во Прешево. Момчето било депортирано од Србија од српските власти откако го фатиле во обид да влезе во Унгарија од Суботица. Момчето влегло во Србија од Бугарија, каде што останало 6 месеци. Тимот на Легис го сретна момчето 3 пати во период од една недела.

- На 17 мај 2017, теренскиот тим на Легис сретна и му помогна на 17-годишно непридружувано момче од Пакистан кое патуваше со 4 мажи кое не му беа во сродство. Момчето било депортирано од српските власти откако останало 5-6 месеци во џунглата во Србија, во близина на Суботица и Шид. По депортацијата во близина на Сопот (Македонија), тој се наоѓа во „џунглата" во Липково и се обидува да влезе нерегуларно во Србија. Бил вратен повеќе пати од српските власти. Тимот на Легис го сретна 3 пати во период од една недела.

- На 24 мај 2017, тимот на Легис сретна и му помогна на непридружувано 16-годишно момче од Алжир кое било депортирано во Македонија откако поминало 2 месеци во Србија, претежно во Суботица. Момчето патувало со двајца Алжирци со кои не било во сродство и нивната наредна дестинација била Косово. Крајната дестинација на момчето била Белгија.

- На 25 мај 2017, теренскиот тим на Легис сретна 17-годишно момче од Пакистан кое патуваше само. Момчето било депортирано од српските власти откако поминало 5, 6 месеци во Србија во близина на Суботица и Шид. Во Македонија е приближно 2 месеци сега, се наоѓа во „џунглата" и се обидува

да се врати во Србија. Многу пати бил вратен од српската полиција при обидите за нерегуларен влез во Србија, последниот пат ова се случило во граничната област во близина на селото Сопот.

- На 2 јули 2017, теренскиот тим на Легис сретна група од 6 непридружувани малолетници на возраст од 13 до 17 години, од Авганистан. Патувале во група каде имало едно возрасно лице, кое не било во сродство со децата. Поминале една и пол година во кампот Бујановац во Србија, каде што биле регистрирани. Откако биле преместени во кампот во Прешево каде останале 6 месеци, биле депортирани од српските власти во Македонија. Групата користела услуги од криумчари за да влезе повторно во Србија, но откако платиле 150 евра по лице за да стигнат до Врање (Србија), биле ограбени и оставени сами. На групата ѐ била потребна медицинска помош, па тимот на Легис ги упатил кон тимот на Црвен крст кој работи во областа за да им обезбедат помош и да ги однесат децата во транзитниот центар Табановце.

- На 21 септември 2017, тимот на Легис сретна непридружуван 17-годишен малолетник од Алжир. Тој извести дека многу пати бил вратен од српските власти додека се обидувал да влезе во Србија. На денот на средбата, имал поминато еден месец во „џунглата" во Македонија. Се обидел да оди во транзитниот центар Табановце, но не му било дозволено од македонската полиција и притоа еден полициски службеник се однесувал насилно кон момчето.

- На 3 јануари 2018 година, тимот на Легис сретна 15-годишно непридружувано момче во Липково од Либија. Момчето патувало со возрасен маж од Либија со кој не биле во сродство. Тоа поминало приближно 6 месеци во областа на Шид во Србија, престојувајќи и во кампот и во околната шума. Доброволно се вратил во Македонија поради лошите и студените временски услови во Србија. Целната дестинација на момчето е Франција.

## 3.3. Пријавени инциденти од жртви/сведоци во нерегуларна миграција

Во периодот од мај 2017 до март 2018, вкупно 9 поединечни инциденти биле пријавени кај теренскиот тим на Легис во Липково од страна на луѓе во нерегуларна миграција, со севкупен број на засегнати 43 лица (3 жени, 10 деца, 30 мажи). Пријавените инциденти вклучувале тепање и грабежи, а извршителите биле властите, криумчарски групи, локалци и непознати лица.

Највисокиот број на пријавени инциденти биле извршени од криумчарски групи, со 4 различни пријавени инциденти при кои 20 индивидуи (3 жени, 8 деца, 9 мажи) биле засегнати. Сите пријавени инциденти биле грабежи и иако вклучувале психолошко заплашување од извршителите, физичко насилство текот на инцидентите не било пријавено од лицата во нерегуларна миграција. Три од пријавените инциденти се случиле во Лојане, додека еден се случил во општината Прешево, во Србија.

Имаше 2 одделни пријавени инциденти во кои била вклучена српската гранична полиција као извршител и при кои засегнати биле севкупно 17 мажи во нерегуларна миграција; во текот на еден од овие инциденти имало физичко насилство, а во другиот грабеж со употреба на психичко заплашување. Двата инциденти се случиле во Србија, близу македонско-српската граница. Двете инциденти се случиле додека лица била враќани од српските власти.

Еден инцидент на физичко насилство беше пријавен од непридружуван малолетник од Алжир, извршен од македонски полициски службеник додека малолетното лице се обидувало да влезе во транцитниот центар Табановце во близина на македонско-српската граница. Според сведоштвото на непридружуваниот малолетник, граничниот полициски службеник му удрил шлаканица и потоа одбил да го пушти да влезе во транзитниот центар. Момчето не сакаше да го пријави инцидентот преку официјални канали.

Еден инцидент на грабеж и физичко насилство кои ги засегнал 4 мажи во нерегуларна миграција. Било пријавено дека инцидентот е извршен од локалното население во селото Миратовац во Србија. Еден инцидент кој беше пријавен дека се случил во Скопје вклучувал еден непридружуван малолетник како жртва на грабеж. Момчето не било сигурно кои биле лицата кои го извршиле делото, но претпоставило дека се од локалното население. Во текот на инцидентот, неговите пари и телефон му биле одземени преку употреба на психичко заплашување. Момчето одби да го пријави инцидентот преку официјални канали.

Подолу се содржат описи на настаните, според сведоштвото на жртвите:

- На 3 мај 2017, непридружуван малолетник пријавил кај теренскиот тим на Легис дека бил жртва на грабеж додека бил во транзит во Скопје. Група од 3 непознати лица користеле психичко заплашување и закани за да му ги украдат парите, телефонот и други работи кои ги поседувал. Момчето не било сигирно кои биле извршителите, но претпоставило дека се локалци. Момчето одбило да го пријави инцидентот преку официјални канали.

- На 4 мај 2017, 4 мажи од Авганистан пријавиле грабеж извршен од српската гранична полиција истиот ден. Тие тврделе дека граничните полициски службеници од Србија ги фатиле во обид да влезат од Македонија во Србија во близина на преминот Лојане-Миратовац, полициските службеници земале околу 200 евра од четирите мажи и ги вратиле во Македонија. Мажите одбиле да ја пријават оваа злоупотреба на властите.

- На 1 јули 2017, двајца млади мажи од Авганистан пријавиле дека биле измамени и ограбени од криумчар. Двајцата млади мажи, кои биле во група од шест лица, биле депортирани од српските власти откако поминале една и пол година во Србија, претежно во кампот Бујановац, каде што биле регистрирани. Тие решиле да користат услуги на криумчари за да можат да се вратат во Србија и му платиле 150 евра на еден криумчар да ги однесе во Врање, град во јужна Србија. Откако криумчарот ги земал парите, се оддалечил од групата и не ја обезбедил договорената услуга. Групата се обидела да влезе во Србија истиот ден, но кога српската полиција ги пресретнала, некои од нив избегале, вклучувајќи го и 14-годишниот брат на еден од мажите. На денот кога мажите го пријавиле инцидентот, тие исто така побарале поддршка за да го најдат 14-годишното момче. Тимот на Легис го упатил случајот кон соодветните канали. Наредниот ден еден од младите Авганистанци дошол во канцеларијата на Легис во Лојане да ги информира теренските тимови дека успеал да се обедини со неговиот брат. Мажите не сакале да го пријават инцидентот кај властите.

- На 9 јули 2017, тројца мажи од Авганистан пријавиле грабеж извршен од криумчари. Според мажите, група криумчари им ги украле парите и други работи кои ги поседувале во селото Лојане истиот ден. Мажите не дале додатни информации за инцидентот и одбиле да го пријават инцидентот кај властите.

- На 21 септември 2017, непридружуван малолетник од Алжир пријавил инцидент на насилство од страна на граничен полциски службеник од Македонија. Момчето тврдело дека се обидело да влезе во транзитниот центар Табановце со цел да престојува таму, но еден полициски службеник одбил да му дозволи да влезе и му удрил шлаканица. Момчето живее во џунглата. Одбило да го пријави инцидентот кај официјалните канали.

- На 25 февруари 2018, група од 4 Курди од Турција (мажи) пријавиле инцидент на физичко насилство и грабеж кои се случиле во селото Миратовац во Србија, близу до српско-македонската граница. Групата ја сретнале локалци во близина на џамијата во селото и им ги одзеле нивните работи, како пари и телефони, со употреба на закани и физичко насилство. По инцидентот, групата била пресретната од српската гранична полиција и депортирана во Македонија без да се запази официјалната процедура за депортации. Четирите мажи одбиле да го пријават овој инцидент кај властите.

- На 14 април, тимот на Легис сретна група од 13 мажи од Пакистан кои пријавиле дека српската гранична полиција употребила физичко насилство во текот на нелегална депортација од Србија. Мажите не дале многу детали за инцидентот. Кога се случила средбата, тие живееле во Ваксинце и Лојане во липковскиот регион.

- На 17 април, седумчлено семејство (3 жени, 2 деца, 2 мажи) од Иран пријавило измама и грабеж од криумчар од Авганистан. Семејството го најмило криумчарот во Грција за да ги однесе во Германија, но откако пристигнале во општина Прешево во Србија, криумчарот го оставил семејството во кампот и избегал со нивните пари. Откако останале еден ден во кампот, семејството решило да се врати во Грција. Одбиле да го пријават инцидентот кај властите.

## Заклучок

Според информациите на Легис, трендот со нерегуларна миграција кон земји во Западна Европа како крајна дестинација во 2017-2018 продолжува, додека Република Македонија останува транзитна земја; сепак, граничните власти од Грција, Македонија и Србија развија нелегални практики на враќање и депортација, зголемувајќи ги потенцијалните ризици од кршење на човековите права, покрај организираните криминални групи кои работат на северната граица помеѓу Македонија и Србија, односно во т.н. липковски регион.

Легис има регистрирано флуктуација во текот на нерегуларната миграција во поглед на бројот на луѓето (индивидуи или групи) кои поминуваат низ земјата; сепак, може да се заклучи дека  мешано мигрантско и бегалско население ги преминува границите без разлика на забраната за транзит во земјата на транзит и повеќето од нив се лишени од:

- Пристап кон територија, човекови права и заштита, вклучувајќи недостаток на правилна процедура на регистрирање и документирање на странци, односно лишени се од можноста да изразуваат намера за барање азил или да бараат азил/привремена или друг вид на заштита за сите странци кои влегле во земјата преку нерегуларни начини.

- Зголемени известувања за насилство и потенцијални случаи на тортура се забележани во областа Липково во две села, според пријавите од потенцијални жртви.

- Зголемено движење на непридружувани малолетници во нерегуларна миграција или групи на лица кои се во транзит во областа Липково. Малолетниците се најтешко пристапни, но сепак, присутни се и треба да бидат предмет на висок интерес кај државните власти.

- Нелегалните враќања/депортации извршени од граничната полиција во Македонија, Грција и Србија имаат недостаток од медиумско внимание и официјална истрага за да се покрене јавна дискусија на овие теми, додека локалните и меѓународните организации известуваат за такви настани помеѓу границите.

# Библиографија:

Годишен извештај за човековите права во Република Македонија, Народен правобранител, 2016 г. http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf pg.. 12. and pg.. 44-50;

Годишен извештај, Легис, 2015 http://legis.mk/uploads/LEGIS_Annual-Report_2015.pdf

**Книги и публикации:**

Управување со балканската рута: Македонија, Србија и европскиот граничен режим: http://bordermonitoring.eu/berichte/2017-mazedonien-serbien/

Документ за јавна политика за пристап до човекови права и заштита на бегалци и мигранти, 2017, Легис http://legis.mk/uploads/Legis_Istrazuvanje_Finalna%20verzija%20EN%20-%20Copy%201.pdf

**Интернационални извештаи:**

**(Меѓународна организација за миграции - ИОМ)** http://migration.iom.int/europe/ - Забелешки за состојбата на барателите на азил и бегалците во Македонија

УНХЦР, веб страна за бегалската криза на Медитеранот и движењата кон Европа, http:// data.unhcr.org/mediterranean/regional.php

**ЕУРОСТАТ:** http: //ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Migration_and_migrant_population_statistics

**УНХЦР,** „Одговорот на Европа кон бегалската криза" Извештаи #1 – #30, за периодот од јуни, 2015 до август, 2016. Октомври 2015 – Август 2016. „Македонија – Меѓуоргански оперативни извештаи", октомври 2015 – март 2016, УНХЦР, официјална изјава за пристапот до територија и азил, јануари-август 2017.

Македонија како земја за азил: „Забелешки за состојбата со барателите на азил и бегалците во Македонија", август, 2015.

Извештај за Прифатниот центар за странци„Гази Баба:", Human Rights Watch, 2015 https://www.hrw.org/report/2015/09/21/ Забелешки за состојбата на барателите на азил и бегалците во Македонија , УНХЦР, 2015 – по кој следат два последователни извештаи во 2016 од Канцеларија на Народен правобранител на РМ и увидено е подобрување во 2017.

УНХЦР, Заштита на бегалци и мешана миграција: План за акција од 10 точки, јануари 2007, Rev.1

ОХЦХР, Комитет против тортура, Заклучни забелешки на третиот периодичен извештај за Македонија, мај 2015/16

**УНХЦР,** Насоки за меѓународна заштита бр. 8: Барање за азил од деца под членовите 1(А)2 и 1(F) Конвенцијата од 1951 и/или Протоколот од 1967 за статусот на бегалците, HCR/GIP/09/08, 22 декември, 2009

**Европска Комисија,** Македонија 2012/21014/15/16/17/18 Извештај за напредок; https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/countries/package_en



Legis



## Ndihmë humanitare dhe ligjore për refugjatët dhe migrantët e parregullt në tranzit

# Raporti vjetor për migracionin e parregullt në kufirin verior të Maqedonisë – Rajoni I Likovës
# Korrik, 2017-Maj, 2018
# Legis

Shkup - 2018

**Autorët:**
Aleksandra Davidovska  MA  kandidate – shkenca politike
Jasmin Rexhepi, MA

**Redaktorët:**
Jasmina Golubovska, MA – shkenca politike
Mersiha Smaloviq, MA kandidate – shkencat juridike
Dr. Besnik Hamiti, MA candidate – shëndeti publik

**Koordinator:**
Driton Maliqi, PHD

**Përktheu dhe përshtati në shqip:**
Armend Nuhiu

**Botues:** Legis, 2018, Shkup, Republika e Maqedonisë

Ky produkt është hartuar në kuadër të projektit të titulluar:
**Raporti vjetor për migracionin e parregullt**

**Korrik, 2017-Maj, 2018,** financuar nga Iniciativa e Shoqërisë së Hapur për Evropën (OSIFE).Mendimet dhe pikëpamjet e shprehura këtu nuk përfaqësojnë domosdodhmërisht ato të donatorit.

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

# Përmbajtja


Parathënie ........ **47**

Metodologjia ........ **47**

1. Konteksti ........ **48**

2. Migracioni i parregullt në zonën e Likovës ........ **50**

2.1. Të dhënat statistikore të shtritjes së migracionit të parregullt në zonën e Likovës në Maqedoni (kufiri i veriut) ........ **51**

2.1.1. Mosha dhe Gjinia e popullsisë të asistuar në migracionin të parregullt (tranzit) ........ **52**

2.1.2. Vendi i origjinës së popullsisë të hasur në migracionin të parregullt (tranzit) ........ **53**

3. Shkeljet ndaj të drejtave të njeriut gjatë migracionin e parregullt të identifikuar në zonën e Likovës ........ **54**

3.1 Dëbimet joligjore dhe Deportimet - Maj 2017 deri në prill 2018 ........ **55**

3.2. Të miturit të pashoqëruar në migracionin e parregullt ........ **56**

3.3 Incidentet e raportuara nga viktimat / dëshmitarët në migracionin të parregullt ........ **58**

Perfundim ........ **60**

Literatura ........ **61**

# PARAQITJE

## e Raportit Vjetor për Migracionin irregullar në kufirin verior të Maqedonisë

## - Rajoni i Likovës, korrik 2017 - maj 2018

Raporti vjetor mbi migracionin irregullar në kufirin verior të Maqedonisë - Rajoni i Likovës, korrik 2017 - 2018 Maj është pjesë e projektit "Ndihma humanitare dhe ligjore për refugjatët dhe migrantët irregular në tranzit", zbatuar nga Legis. Metodologjia e përdorur në këtë periudhë është pjesë përbërëse e metodologjisë për tërë projektin: një metodë cilësore dhe një metodë sasiore, me një numër aktivitetesh të bëra posaçërisht për këtë fushë. Kryer nga hulumtuesit me përvojë në Legis, kjo metodologji ofron një pasqyrë të thellë analitike dhe një numër të dhënash relevante të vlefshme për komunitetin përgjegjës për politikën e migracionit.
Vlera e këtij teksti rrjedh nga fakti se objektivisht paraqet situatën në terren, të tilla si rreziqet që migrantët e parregullt përballen me pengesa administrative në parregulluara kalojnë kufirin, dhuna ndaj së cilës emigrantët janë të ekspozuar, vulnerabiliteti i tyre dhe aftësinë për të tërhequr nga kontrabandistët, pastaj e drejta për të kërkuar të drejtën e azilit, e cila megjithëse e drejtë universale e njeriut, është në dispozicion të tyre në mënyrë selektive. Shumica e aspekteve në Raportin Vjetor mbi migracionin e parregullt në kufirin verior të Maqedonisë mund të gjenden në raportin e Avokatit të Popullit, ndërsa institucionet tjera kompetente, në radhë të parë policia, duke u përpjekur për t'i relativizuar ato.
